*Краток документ за застапување*

**ОПШТИНА ГОСТИВАР**

# ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ РОМИТЕ

АВТОРИ:
Алберт Мемети
Надире Реџепи

# Вовед

Од 2002 година, голем број фактори влијаат врз структурата на населението во општината, особено во последните неколку години кога жители од различни етнички заедници се обидуваат да имигрираат во Западна Европа. Со текот на годините, општината вложува максимални напори за да го задржи своето население во Гостивар преку зголемување на економските можности кои имаат за цел да создадат подобар квалитет на живот.

Демографски, општината е дом за 2.237 граѓани Роми[1], според последните резултати од пописот на население 2002 година. Оваа бројка се предвидува да варира со мала маргина која е предизвикана од push и pull факторите на миграција, економската сигурност и други додатни фактори кои генерално влијаат на општата популација на општината. Ромите во општина Гостивар неколку години по ред на локалните избори обезбедувале мобилизација на гласачкото тело за изгласување на кандидат за советник Ром кој е вклучен во листи на Македонски политички партии.[2] Во последните три состави Советот на општината Ромската заедница имала барем еден советник Ром, иако според бројот на ромскиот електорат во општината граѓаните Роми имаат капацитет за барем двајца советници. Покрај овој факт, најголемиот импакт врз Ромската заедница го имаат граѓанските организации, односно постојаната посветеност и напор на секторот за подобрување на ситуацијата на Ромите во општината.

Според достапните податоци за општина Гостивар може да се забележи дека проблемите на Ромите се меѓусебно поврзани. Покрај наведените проблеми постојат дополнителни проблеми кои го отежнуваат животот на Ромите во општината. Во контекстот на проблемите се додаваат и дискриминацијата и лицата без лична документација. Во општината сеуште постои скриена структурна дискриминација која често граѓаните ја пријавуваат во локалните граѓански организации. Додека пак проблемот со лицата без лична документација претставува спрега за практикување на правата како граѓани во општината. Со овој проблем всушност лицата фантоми неможат да се стекнат со право на образование, здравствени услуги вработување и често пати истите лица се субјект на дискриминација.

## ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Гостивар е општина во северозападниот дел на земјата, која опфаќа околу 650 километри квадратни. која опфаќа околу 650 километри квадратни. Градот е административен, политички, бизнис и културен центар за околу осумдесет илјади жители, од кои речиси 36.000 живеат во градското јадро. Општината е дом на неколку етнички заедници. Во Гостивар живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми и други етнички заедници. Составот на населението е: Албанци со околу 66,6%, Македонци 19,5%, Турци 9,8%, Роми 3,8% и други 0,3% .

[1] Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

[2] Општина Гостивар. Пристапено на 11.11.2017. http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/mk/keshilli-i-komunes/keshilltaret

Во целост, општина Гостивар вложува напори за хармонизација на проблемите и изнаоѓање на решенија. Органите на општината често се фокусирани на генералните проблеми на општината без специфичен фокус или директна агенда за потребите на Ромите. Организацијата и работењето на советот како главен орган на општината го регулираат постојани комисии кои се креирани според потребата на општината. Овие комисии се креирани според статутот на општината и нивната работа и ингеренции се детално опишани во истиот. Според статутот постојат десет (10) комисии [3] за различни сфери од општествениот живот на жителите во општината и тоа:

• Комисија за склучување на бракови
• Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот
• Комисија за мандатни прашања, избори и именувања
• Комисија за финансии и економски развој
• Комисија за планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина и природа
• Комисија за комунални работи и сообраќај
• Комисија за јавни дејности
• Комисија за нормативно-правни прашања
• Комисија за еднакви можности помеѓу половите
• Комисија за односи меѓу заедниците

Комисиите, составени од советниците во Советот на општината и експерти, работат на изнаоѓање на решенија за локалните проблеми, но може да се забележи дека Ромското прашење не е во фокусот на нивната работа како такво иако истото се провлекува низ нивната работа со исклучок на Комисијата за односи меѓу заедниците.

# Анализа на проблемите и приоритети

Според приоритетната поставеност на претставниците на работилницата, Ромите во Гостивар се соочуваат со следните пет проблеми со итен приоритет.[4]

1. Легализација на имот и пренос на имотни листи и лична документација
2. Невработеност - фирмите се затвораат затоа што нивниот бизнис пропаднал, невработеноста расте и во овој случај тоа е потешко ги погодува припадниците на малцинските заедници.
3. Образование
4. Културна интеграција
5. Инфраструктура

Според ургентноста на приоритетите на Ромите во Гостивар, легализацијата претставува прв приоритет, потоа невработеноста и квалификуваниот кадар и третиот главен приоритет е образованието, односно веќе квалификуваниот кадар спремен за работа не е соодветно вработен. Освен овие приоритети, Ромите во Гостивар се соочуваат со проблеми со

[3] Општина Гостивар. Пристапено на 11.11.2017. http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/mk/keshilli-i-komunes/keshilltaret

[4] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community" Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

домувањето, вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, здравствените и други аспекти.

Анализа и опции за решавање на приоритетните потреби

1. Легализацијата во општина Гостивар е старо нов проблем за кој се вложуваа напори од страна на граѓанскиот сектор во соработка со локалните власти и политичка волја на градоначалникот да се надмине истиот. Специфичноста на овој проблем е што фамилиите коишто живеат во неурбанизираната средина на периферијата од градот често се наоѓаат во проблематична ситуација затоа што неможат да го легализираат своето живеалиште затоа што не е регистрирано во деталниот урбанистички план како простор во кој веќе живеат луѓе.

Како опција за овој проблем се предвидува забрзувањето на процесот на обнова на деталниот урбанистички план во кој ќе бидат внесени домовите на загрозените граѓани во градот вклучително и Ромите. Оваа процедура се покажува во пракса дека е долга и често локалната самоуправа нема голем интерес за креирање на нов урбанистички план. Сепак со регулирањето на деталниот урбанистички план ќе се решат постоечките проблеми со имотната документација не само на припадниците на Ромската заедница туку и на сите граѓаниЗа да се обезбеди одржлив и брз процес, овој проблем треба да биде фокус на посебна група или тим во секторот на урбанизам којшто ќе работи со посебен акцент на обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.

2. Како што веќе беше забележано во дескриптивниот дел, општина Гостивар се справува со генералните трендови од национално ниво. Многу млади одлучуваат да имигрираат во западно Европските земји а со тоа се намалува економскиот потенцијал и работна сила на општината. Веќе постоечките фирми коишто се етаблирале во општината работат без проблеми, но сепак бројот на таквите фирми е ограничен а исто и квалификуваниот кадар е ограничен. Невработеноста кај Ромите често се одразува на социо-економскиот статус на целата заедница а со тоа се предизвикува и дискриминација.

Овој проблем иако е меѓусебно поврзан со многу други аспекти и домени во општеството, игра голема улога во одлуката дали семејства или индивидуалци би заминале од државата или би останале. Двостраноста на проблемот е воочлива, но сепак локалната самоуправа е таа што треба да го даде повисокиот влог кон решавање на невработеноста. Граѓаните секако треба да покажат иницијатива за адаптација и преквалификација во согласност со побарувачката на пазарот на трудот, но од друга страна локалната самоуправа треба да вложи во отварање на нови работни места, односно да се фокусира на привлекување на странски инвестиции кои не само што ќе го намалат проблемот со невработеноста туку и ќе придонесат за економски развој на општната. Отворањето на мали и средни бизниси, со посебен акцент на производните бизниси треба да е исто така во фокусот на локалната самоуправа која преку мерки на стимулирање (мали кредити, обезбедување опрема,

ослободување од одредени даноци на краток или долг рок) може да го размрда бизнис секторот и да го поттикне економскиот раст
3. Образованието, односно квалификуваниот кадар на Роми кој веќе постои во општина Гостивар има тешкотии во интегрирање на пазарот на трудот. Политизираноста на работните места како на национално така и на локално ниво игра голема улога. Со тоа, најчесто неполитизираниот кадар на Роми најмногу страда иако е квалификуван за позиции во јавни установи односно локални институции. Покрај квалификуваниот кадар на Роми, најмногу страдаат и Ромите кои не се квалификувани за тоа што се нуди на пазарот на трудот ниту со образование ниту со пракса со која ќе обезбеди работа.
За целосна интеграција на Ромите на национално а и на локално ниво зависи од колку институциите се отворени за вработување на малцинствата во институциите. Постои голем јаз помеѓу вработените од Македонска и Албанска етничка заедница во споредба со припадниците на Ромската етничка заедница. Општина Гостивар со години нананзад нема назначено референт или сектор кој би работел на приоритетите на заедницата, ниту како дел од администрацијата на општината. Најчесто отворена институција за Ромите е ЈП Комуналец додека пак другите институции како што се полиција, центар за социјални работи, агенција за вработување, градинки, основни и средни училишта останууваат со еден, двајца или во некои институции со ниеден вработен Ром иако веќе постојат квалификувани кадри. Со отварањето и обезбедувањето на вработувања за Роми во овие институции, Ромите ќе имаат чувство за нивно припаѓање и придонес во прогресот на градот. Иако Ромите во Гостивар се 3,8% со веќе квалификуван кадар, тие најмногу се погодени од невработеноста. Само отвореноста на институциите за вработувања и поттикот за основање локален мали или средни бизниси може да го реши проблемот со образованите Роми во општината.

# Препораки

• Забрзувањето на процесот со регистрирање односно обнова на деталниот урбанистички план во кој ќе бидат внесени домовите на загрозените граѓани во градот вклучително и Ромите.
• За да се обезбеди одржлив и брз процес, овој проблем треба да биде фокус на посебна група или тим во секторот на урбанизам којшто ќе работи со посебен фокус на обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.
• Треба да го искористи економскиот потенцијал на општината. Општината треба да привлече странски инвестиции во дизајнирани ТИРЗ-ови, но исто така и да го поттикне основањето на нови локални мали и средни бизниси преку повеќе мерки кои би го олесниле тој процес

• Локалната власт може да понуди обезбедување на опрема, мали кредити, субвенции, ослободување од данок во одреден период, неповратни средства и други иновативни мерки кои би биле стимулација на младите да вложат во општината.
• Со отварањето и обезбедувањето на вработувања за Роми во институциите, Ромите ќе имаат чувство за нивно припаѓање и придонес во прогресот на градот.
• Само отвореноста на институциите за вработувања и поттик за основање локални мали или средни бизниси може да го реши проблемот со образованите Роми во општината.

# Библиографија


• Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017.
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf
• Општина Гостивар. Пристапено на 11.11.2017.
http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/mk/keshilli-i-komunes/keshilltaret
• Хелсиншки Комитет за Човекови Права. Помеѓу имплементација и реалност на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Роми 2005- 2015. Пристапено на: 11.11.2017.
http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/629/Romi_Analiza_Helsinski.pdf